Приватна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
БРЕИНСТЕР НЕКСТ
Бр. 08-520/2
21.07. 2023 год.
СКОПЈЕ

# *Кодекс на етичко однесување*
# *на академската заедница на*
# *Самостојната Висока Стручна Школа Бреинстер Некст Скопје*

*Бреинстер Некст Скопје смета дека членството во академската професија носи со себе специјални и големи одговорности и поради тоа го усвојува овој Кодекс на етичко однесување и се обврзува да се придржува до него со крајна доследност и посветеност*

Врз основа на член 112 од Законот за високото образование (Сл.весник на РМ бр.82/2018) и согласно со член 37 од Статутот на Приватна непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје (во натамошниот текст: Бреинстер Некст Скопје), Наставничкиот Совет на својата 25-та седница одржана на 21.07.2023 година го усвои следниот

**Кодекс на Етика на**
**академската заедница на Бреинстер Некст Скопје**

Мисијата на Бреинстер Некст Скопје (понатаму: Бреинстер Некст) е да го **трансформира и подобри образованието со цел да одговори на предизвиците на иднината, преку обезбедување на** апликативна и практична програма, во чекор со трендовите на индустријата и современа методологија на работа да ги подготви студентите за сите предизвици во нивните идни кариери.
Самата мисија вклучува и промоција на етички одговорни граѓани, професионалци и идни лидери, преку градење на висока свест за општествена и индивидуална одговорност, поставување на високи стандарди на академски интегритет и академски достигнувања во рамки на академската заедница на Бреинстер Некст и пошироко. Со посветеност на градење и одржување на репутацијата на Бреинстер Некст, и утврдените стандарди на однесување со интегритет и правичност, академската заедница (која ги вклучува: академскиот, административниот кадар и студентите) на Бреинстер Некст се обврзува да ги почитува и спроведува следниве принципи:

## I. Академски кадар, администрација и студенти на Бреинстер Некст

### 1. ПРИНЦИП НА ЗАКОНСКО РАБОТЕЊЕ

Секој член на Бреинстер Некст е обврзан да работи, учи и да се однесува во согласност со соодветните закони, статутот и интерните акти на Бреинстер Некст.

### 2. ПРИНЦИП НА ИНТЕГРИТЕТ

Секој член на Бреинстер Некст е обврзан да се однесува чесно и со најдобри намери кон останатите членови на Бреинстер Некст, како и кон јавноста во целост.

### 3. ПРИНЦИП НА ПРОФЕСИОНАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ И ОБЛЕКУВАЊЕ

- Секој член на Бреинстер Некст е должен да ги исполни своите обврски при студирањето/работењето темелно, навремено и на најдобар можен начин,
- Секој член на Бреинстер Некст треба да постапува кон другите во духот на толеранција и взаемна почит,
- Секој член на Бреинстер Некст треба да се воздржи од вршење на активности кои може негативно да влијаат врз репутацијата на Бреинстер Некст,
- Добро негуван чист изглед и соодветна гардероба се важен дел од работата. Неоспорувајќи ја вредноста на самостојниот избор за соодветна гардероба, Бреинстер Некст ги поттикнува своите членови да направат соодветен избор на гардероба, која би ја носеле за време на престојот на Бреинстер Некст. Иако секојдневниот начин на облекување е дозволен, сепак вработените се поттикнуваат на работното место да не доаѓаат во многу кратки здолништа, спортски кратки панталони, облека за џогирање (тренерки, хеланки), кошули без ракави, папучи.

## 4. ПРИНЦИП НА ПОЧИТУВАЊЕ НА ОСТАНАТИТЕ ЧЛЕНОВИ НА БРЕИНСТЕР НЕКСТ

- Во секојдневните односи, секој член на Бреинстер Некст треба да е отворен за соработка, учтив и трпелив. Тој/таа треба на останатите членови на Бреинстер Некст да им се обраќа со почит, односно никогаш да не се однесува надредено, без почит и/или рамнодушно кон нив.
- Секој член на Бреинстер Некст треба да ги надминува разликите и недоразбирањата, што можат да се појават во комуникацијата со останатите во духот на добра волја, правично и трпеливо.

**Спречување на вознемирување**

- Вознемирување по било која основа го попречува почитувањето на правата и достоинството на другите. Тоа вклучува однесување кое што има за цел или ефект на неразумно мешање во работниот учинок на поединецот со создавање на работна атмосфера во која владее заплашување, непријателство, омаловажување или сексуално навредување;
- Политика на Бреинстер Некст е да се забрани, обесхрабри и казни секаква форма на несоодветно однесување или вознемирување, вклучително, но не ограничувајќи се на: сексуално вознемирување или сексуално навредливо однесување, вознемирување засновано врз расно, етничко или национално потекло, јазик, религија, пол или попреченост.

**Спречување на дискриминација**

- Дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, пол, сексуална ориентација, религија, верување, национално потекло, возраст, потекло, попреченост која не е поврзана со барањата на работното место или генетски информации може да изолираат, омаловажат и замолчат еден поединец, како и да ја ограничат неговата/нејзината способност да го дадат својот придонес во работата на Бреинстер Некст;
- Секој член на Бреинстер Некст треба да биде внимателен во својот однос кон другите, да препознава дискриминаторно однесување и да го пријави кога ќе го забележи;
- Секој член на Бреинстер Некст треба да избегнува да користи јазик, хумор или материјали кои создаваат навредлива средина врз било која од наведените основи.

**Почитување**

- Во секојдневните интеракции, секој член на Бреинстер Некст треба да им дозволи на другите членови Бреинстер Некст слободно да се изразуваат, внимателно да слушаат, да бидат љубезни, соработливи, трпеливи и да се обраќаат меѓусебно со почит,
- Секој член на Бреинстер Некст треба да ги решава разликите во мислења и недоразбирања кои што може да се појават во комуникацијата со другите со добра волја, правично и трпеливо.
- На секој член на Бреинстер Некст му стојат на располагање пропишани правила и процедури, доколку треба да се решат проблеми настанати од горенаведените причини.

# II. Академски кадар и администрација на Бреинстер Некст

## 5. ПРИНЦИП НА ОБЈЕКТИВНОСТ

- Секој член на Бреинстер Некст не треба да се однесува со предрасуди, фаворизирање или други влијанија кои можат да ја загрозат неговата/нејзината објективност.

## 6. ПРИНЦИП НА ЕФИКАСНОСТ

– Секој член на Бреинстер Некст треба да си ги организира секојдневните работни активности и ќе обезбеди ефикасно и ефективно нивно извршување.

## 7. ПРИНЦИП НА ДОВЕРЛИВОСТ

Секој член на Бреинстер Некст е обврзан да ја почитува доверливоста на информациите стекнати во текот на извршувањето на своите работни обврски, и да не ги употребува за друга намена освен за онаа за која што првично ја стекнал информацијата.
Секој член на Бреинстер Некст треба да внимава од ненамерно откривање на доверливи информации, така што со информацијата ќе постапува на организиран начин и со доследна грижа. Не треба да се оставаат податоците, документите, или друг печатен материјал на места кои се лесно достапни за неавторизирани лица. Кога документите кои се поврзани со активности кои се одвивале на Бреинстер Некст или пак кои се поврзани со студентите на Бреинстер Некст се фрлаат, претходно треба да се искинат/уништат.
Информациите кои што се сметаат за доверливи ги вклучуваат, но не се ограничени на:

- одлуки, политики, правилници и процедури,
- акти и други документи кои содржат информации поврзани со начинот на кој што се врши дејноста,
- студиски и предметни програми,
- сите сопствени информации во врска со креирање и / или реализација на настава преку сите модели на предавања (образование од далечина и на кампуси),
- сопствени информации во врска со истражувањето и развојот и продажбите и маркетингот,
- планови за маркетинг и унапредување на продажбите,
- сопствени информации во врска со студентите, списоците за контакт со студентите и тактиките на регрутирање
- сопствени финансиски информации, вклучително интерни финансиски документи, буџети, финансиски планови и проекции, компјутерски записи, маржи на производи, трошоци за производи и извештаи за работењето,
- сопствени административни информации, вклучително внатрешната организација
- стратешки бизнис планови и проекции
- интерен компјутерски софтвер
- трговски тајни и лозинки.

Секој член на **Бреинстер Некст** потврдува дека материјалите за развојот на наставата како и внатрешните политики, процедури и други интерни акти се заштитена интелектуална сопственост на Бреинстер Некст и треба да се користат само за предметите, програмите и активностите на Бреинстер Некст. Оваа обврска останува да важи определен временски период (истата е уредена со договорот за ангажирање) по раскинувањето на договорот за вработување или било каков друг вид на соработка со Бреинстер Некст.

## 8. ПРИНЦИП НА ОДБЕГНУВАЊЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

- Секој член на Бреинстер Некст треба да поднесе приговор до својот надлежен за секоја работа или предмет кои можат да доведат до судир на интереси при извршувањето на работни обврски. Кога ќе настане таков судир на интереси, членот е должен да се повлече од процесот на донесување на било каква одлука или превземање на некоја активност,
- Секој член на академскиот кадар треба да му пријави на директниот претпоставен ако некој студент кој што го изучува неговиот / нејзиниот предмет или поднесува труд кој што треба да се оцени, е негов / нејзин близок роднина или близок пријател, со цел да се преземе соодветно решение,
- Секој член на Бреинстер Некст не треба да учествува во активности каде што тој/таа очекува, **во спротивност на интересите на Бреинстер Некст**, да оствари лична директна или индиректна материјална или друг вид на корист.
- Изразот "материјална или друг вид на корист" исто така се однесува и на обезбедување на материјална или друг вид на корист за лица кои се во непосредна врска со членот на Бреинстер Некст, а тоа се:
  - брачниот другар,
  - деца,
  - блиски роднини,
  - или други правни или физички лица, за кои што членот индиректно обезбедил материјална или друг вид на корист.

## 9. ПРИНЦИП НА ЗАБРАНА ЗА ПРИМАЊЕ НА ПОДАРОЦИ

- Секој член на Бреинстер Некст не треба директно или индиректно, да бара или прима, ниту пак да се обидува да бара или да прима подароци, услуги или други вредности од трети лица, се со цел тие лица да се здобијат со привилегиран третман во било кој сегмент, без разлика дали привилегијата ја остваруваат за себе или за други лица,
- Секој подарок што е даден на брачниот другар или на децата на членот, или пак на трето лице преку кое членот го добил поклонот индиректно, ќе се смета за поклон подарен на самиот член директно, доколку тој влијае на изведувањето на неговите/нејзините работни обврски.
- Купувањето на било какви добра ќе се смета исто така за подарок, доколку продажната цена е значително пониска од пазарната цена на истото добро.
- Секој член на Бреинстер Некст треба да го одбие секој понуден подарок освен во случај кога подарокот е:
  - даден јавно
  - со симболична вредност, и
  - даден исклучително од лични причини, и тоа на лични средби.

## 10. ПРИНЦИП НА ЈАВНО ПРЕТСТАВУВАЊЕ

Членовите на администрацијата и на академскиот кадар може да се ангажираат во професионални активности, активности на интересни групи и добротворни активности, под

услов ако учеството не покренува конфликт на интерес или им пречи на извршувањето на нивните должности.
Во согласност со Уставот и основните демократски права, членовите на администрацијата и на академскиот кадар смеат да се ангажираат во политички активности; сепак, тие не се поттикнати, ниту поддржани од страна на Бреинстер Некст.
Кога еден член на академскиот кадар или на администрацијата коментира јавно, во врска со трговска или било кој друг вид на унија, асоцијација, политичка партија или интересна група, треба јасно да даде на знаење дека таквиот коментар е даден во името на унијата, асоцијацијата, политичката партија или интересната група кои тој / таа ги претставува, а **не** во својство на член на Бреинстер Некст.
При давањето коментари во својство на приватно лице (преку било која форма на масовни медиуми, вклучително, но не ограничено, на електронска пошта, интернет, социјални медиуми, ТВ, радио, книги, весници, списанија, други публикации, итн.), треба да се вложат сите напори публиката да сфати дека изразените мислења се приватни и дека **не претставуваат официјално гледиште** на Бреинстер Некст.
Со цел да го претставува Бреинстер Некст и јавно да ја коментира работата на Бреинстер Некст или да обелоденува информации во врска со работењето и организацијата (преку преку било која форма на масовни медиуми, вклучително, но не ограничено, на ТВ, радио, книги, весници, списанија, други публикации,електронска пошта, интернет, социјални медиуми итн.), членот на академскиот кадар или на администрацијата треба:

1. да добие претходно одобрение од директорот, генералниот менаџер или секретарот и
2. да претставува, коментира или обелоденува информации исклучиво во согласност со Статутот, изјавата за мисија и официјалната политика на Бреинстер Некст.

Учеството на **јавни настани** за политички цели, за забава или за други цели, јавни говори или јавни активности во кои што е вклучен член на академскиот кадар или на администрацијата, исклучително како приватно лице, дури и со незначителна можност истото да се поврзе со Бреинстер Некст, треба да се направи само по **претходно одобрение** од страна на директорот или секретарот на Бреинстер Некст.

## 11. ПРИНЦИП НА ЛОЈАЛНА КОНКУРЕНЦИЈА

Со цел да се уништи или повреди угледот на конкуренцијата, член на Бреинстер Некст не треба никогаш да објавува или шири неточни информации за работата, карактеристиките на сопственикот/сопствениците, управувачкиот одбор или други претставници, како и за услугите кои ги нудат останатите високообразовани институции.

# III. Академски кадар на Бреинстер Некст

Членовите на академскиот кадар на Бреинстер Некст, водени од длабокото убедување за вредноста и достоинството на **напредувањето во образованието**, додека ги извршуваат своите работни обврски кои им се доделени треба:

1. Да настојуваат, пред сѐ, да бидат ефективни наставници и научници, преку постојано развивање и подобрување на нивната научна компетентност;
2. Да применуваат критичка проценка при користењето, проширувањето и пренесувањето на знаењето;
3. Да се посветени постојано на својот професионален развој, со цел непрекинато да ги зголемуваат и проширувaат нивните академски и комуникациски вештини, преку посетување и активно учествување во разни програми и активности;
4. Да се ангажираат активно во академски и професионални истражувачки иницијативи и активности, авторства или ко-авторства на текстови, анализи, статистички и други видови на проучувања, извештаи и проекти;
5. Да придонесуваат при развивањето на студиските програми, наставниот план и програма и ревизија на постојните програми со цел нивно осовременување,

6. Да посетуваат сесии за обука на академски кадар, состаноци на академскиот кадар, состаноци на комисии, свечени церемонии и други настани.
7. Да ги одредат обемот и карактерот на работата која што ја вршат надвор од Бреинстер Некст, а притоа имајќи во предвид нивните главни одговорности во рамките на Бреинстер Некст. Тие треба да ја оценат итноста на овие обврски во однос на нивните одговорности кон предметот кој што тие го предаваат, студентите, професијата и кон Бреинстер Некст.

Со цел да поттикнат слободна потрага по знаење кај своите студенти, членовите на академскиот кадар треба да:
1. Покажат почит кон секој студент како единка, со што ќе ја истакнат својата улога на интелектуални водачи и советници,
2. Бидат достапни во секое време за студентите, доколку им е потребен некаков совет или помош,
3. Имаат еднаков пристап кон сите студенти,
4. Го вложат целиот свој труд за да негуваат чесно академско советување и да се осигураат дека нивното вреднување на студентите одговара со вистинските заслуги на самите студенти,
5. Ја почитуваат доверливата природа на односот професор-студент,
6. Избегнуваат секаков вид на експлоатирање на студентот за нивни приватни интереси или пак да прифаќаат значителна помош од нив.

**Како колеги,** кои имаат обврски кои произлегуваат од академската заедница, членовите на Бреинстер Некст треба да:
1. Го почитуваат и бранат слободното изразување на своите соработници/колеги,
2. Наместо критикување и наметнување на своите идеи, тие треба да се однесуваат со должна почит кон мислењето на останатите,
3. Ги прифаќаат своите академски заложби и тенденции со што ќе бидат објективни во својата професионална проценка на колегите,
4. Да го прифатат својот дел од обврските за непречена реализација на наставниот и административните процеси на Бреинстер Некст.

## IV. Студенти

Бидејќи студентите се движечка сила на Бреинстер Некст, тие треба да претставуваат пример за одговорно однесување во сите студентски и останати активности, со што ќе допринесат Бреинстер Некст да претставува околина која е безбедна, грижлива и соодветна за сите да ги стекнуваат своите знаења токму во неа.
Работата на студентите треба да биде резултат на нивниот сопствен труд и да биде производ на нивното учење. Студентите треба сами да ги развиваат своите способности за пишување, читање и размислување.
Студентите треба да се воздржуваат од постапки кои водат кон плагијат, препишување, лажење, измама или било која друга девијантна појава. Накратко кажано студентите никогаш не треба:
- Да се појавуваат на испит за сметка и во името на друг студент,
- Да посетуваат определено предавање за сметка и во име на друг студент,
- Да приложат текст најден на интернет како нешто што самите го изработиле,
- Да изнајдат начин за давање или добивање на точните резултати преку разни сигнали или други начини на префрлување податоци во текот на испитот,
- Да препишуваат со или без знаење на другата личност во текот на испитот,
- Да извршуваат задачи за друг студент,
- Да прикажуваат лажни податоци во сопствената биографија,
- Да го поседуваат тестот пред тестирањето,

- Да употребуваат белешки пред тестирањето,
- Да ги променат одговорите на веќе оценет тест и да го дадат на повторно оценување
- Да украдат туѓа завршена задача и да ја приложат како своја,
- Да измислуваат податоци,
- Да ја уништат или украдат работата на друг студент
- и други слични активности.

Студентите треба да се воздржуваат од постапки кои водат кон кршење на редот и дисциплината на Бреинстер Некст односно студентите никогаш не треба:

- да го нарушуваат јавниот ред и мир за време на наставата;
- непристојно да се однесуваат кон академскиот кадар, администрацијата, како и кон другите студенти;
- да извршат упад во информатичкиот систем, односно на интернет страницата, образовниот портал/И.Ам.Некст системот, електронските досиеја на студентите и сл.;
- да присвојуват предмети кои се во сопственост на Бреинстер Некст;
- да фалсификуваат или злоупотребат официјални документи издадени од Бреинстер Некст;
- да злоупотребат финансиски средства на Студентското собрание.

*Студентите не треба никогаш, директно или индиректно, да помагаат или наведуваат други студенти да земат учество во извршување на нечесни постапки.*

Студентите не треба да шират лажни информации.
Студентите треба да се однесуваат кон имотот на Бреинстер Некст како кон свој имот т.е. треба да се воздржат од какви било активности кои можат да доведат до негово оштетување или уништување на кој било начин.

## Посебни одредби за плагијат

***Дефиниција:*** *Плагијат претставува постапка во која еден писател намерно употребува нечии други идеи или начин на изразување, или друг оригинален материјал без знаење и дозвола на изворот од кој потекнува. На пример, копирање на објавени информации во вид на задача без назначување на потеклото на тие информации, или пак предавање на материјали кои веќе се напишани од страна на друг студент.*

Студентите кои се целосно свесни дека нивните постапки се засновани на плагијат се виновни за нечесно студентско однесување.
Секој студент кој ќе се обиде да го идентификува и назначи својот извор од каде што ги црпи информациите, но кој не успеал правилно да го цитира или документира вистинскиот извор не извршил плагијат.
Бреинстер Некст очекува од своите студенти да се однесуваат етички при вршењето на своите истражувања, и да се оградуваат од било какви чинови кои претставуваат плагијат. Во овој контекст да напоменеме дека Бреинстер Некст внимателно ќе ги испитува и соодветно ќе ги казнува сите евентуални случаи на академска нечесност
Во борбата против плагијатот, сите ние делиме одреден број на обврски, но како одреден минимум се наведени следниве:
**Студентите** треба своите истражувања да ги сфаќаат како можност за оригинален и сериозен начин на истражување и учење. Ваквиот процес подрзабира:

- собирање и анализирање на одредени извори кои тие самите ги одределе како релевантни за добивање на соодветни податоци, кои ќе им бидат од корист во нивните истражувања,
- да определат точно кога и како се повикуваат на туѓи идеи или фрази,

- да ги научат конвенциите за цитирање на документи и да го назначат изворот соодветно,
- да се консултираат со наставниците кога не се сигурни на кој начин да ги искористат туѓите записи и идеи, меѓутоа искажани преку свои мисли и гледишта.

Исто како што треба студентите да ги почитуваат своите обврски за етичко и чесно однесување, така треба и академскиот кадар да изнајде начин со кој ќе го поттикне или спречи плагијатот, и тоа не само со воведување на определени правила или забрани и казни, туку и со дизајнирање на конструктивни задачи, поддршка на студентите и насочување на нивните интереси кон теми кои се интересни и соодветни за изработка на определени задачи и проекти. Во овој контекст, членовите на академскиот кадар треба да дизајнират поширок избор на задачи за учење кои ќе ги поттикнат студентите не само на механичка обработка на податоци, туку на цел процес на истражување, критичко размислување и анализи на самите извори. Овој процес подразбира и вклучува:

- континуирана поддршка за истражувачко пишување (семинари, обуки, индивидуални / групни конференции или ревизија од колеги),
- креирање на упатства за начин на пишување, стил на референцирање, документирање на изворите и избегнување на плагијати,
- одржување на дискусии во врска со плагијати на часовите,
- запознавање на студентите со вообичаените начини на цитирање на документи и наведување на извори во нивната област, и овозможување на студентите да ги вежбаат овие вештини,
- избегнување да се користат веќе употребени или формулирани задачи кои може да доведат до вообичаени одговори или плагијати,
- ангажирање на студентите во процесот на пишување, кој резултира со белешки, скици и ревизии кои тешко може да се имитираат,
- дискутирање за проблемите на кои што студентите може да наидат при документирањето и анализирањето на изворите, и нудење на стратегии за избегнување или за решавање на тие проблеми,
- дискутирање за трудови за кои се смета дека се плагијат со студентите кои ги поднеле, за да се одреди дали трудовите се резултат на намерен обид за измама,
- пријавување на евентуални случаи на плагијат кај соодветните администратори или контролни тела.

Административниот кадар треба да изгради и континуирано да негува организациска култура која што ја вреднува академската чесност. Овој процес подразбира и вклучува:

- Континуиран процес на асистенција (на пример, центри за пишување или веб сајтови) за студенти кои имаат прашања во врска со тоа како се цитираат изворите;
- Континуирана поддршка на дискусиите на академскиот кадар и студентите за прашања во врска со академската чесност, истражувачката етика и плагијатите,
- Континуирано подобрување и осовременување на работните услови за настава (мали групи за настава и вежби), кои овозможуваат индивидуализиран пристап и посветување на поголемо внимание на студентите при подготвување на трудовите и извршување на задачите.

## 12. **Примена на Кодексот**

Секоја поплака од било кој член на Бреинстер Некст треба да биде сослушана од страна на Генералниот менаџер или Директорот на Бреинстер Некст.
Жалбите по основ на одлуката од Етичката комисија ги разгледува Наставничкиот Совет, со кој претседава директорот (кој што има полно право на глас). Санкциите за неетичко однесување, т.е. непочитување на одредбите на овој Кодекс, ќе бидат соодветни на тежината

на прекршокот. За студентите, во соодветни казни спаѓаат, но не се ограничени на: исклучување од специфицираните воннаставни активности, писмен укор, суспензија и / или исклучување. За членовите на академскиот кадар и на администрацијата, во соодветни казни спаѓаат, но не се ограничени на: укор, суспензија и / или отпуштање.

13. **Завршни одредби**

Овој Етички кодекс влегува во сила на денот на негово усвојување. Етичкиот кодекс да се достави до сите членови на Бреинстер Некст.

**Наставнички Совет на**
**Бреинстер Некст Скопје**
**Директор**

Приватна висока стручна самостојна висока школа
БРЕИНСТЕР НЕКСТ
Скопје